ДНЕВНИ СЦЕНАРИЈА ЗА НАСТАВНА ЦЕЛИНА 1 ПО УЧЕБНИК - SUPER MINDS за 5 одд (АНГЛИСКИ ЈАЗИК)

| Предмет: Англиски јазик | |
|---|---|
| Тема: Back to school and Unit 1 My day 12 часа | Време за реализација: септември 2025 |
| Изготвил/-а: | Од ООУ |

| Содржина (и поими) | Стандарди за оценување | Часови и дата на реализација | Сценарио за часот | Средства | Следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| • именува и зборува за предмети во училница<br>• bookcase, wall, board, clock, door, cupboard, window, chair, crayon, floor, And that's all! | • Ги именува нештата/поимите кои се дел од училишната средина и/или непосредната околина, користејќи куси искази со усвоената лексика. | **1 час**<br><br>**___.__.2025**<br><br>**Час број 1** | ***Воведна активност***<br>Воведна игра со поздрави. Повторување на имињата на учениците и поздрави потоа, учениците ги поздравуваат сите ученици околу нив на ист начин.<br>***Главни активности***<br>**Претставување на предмети во училницата.**<br>Наставникот го насочува вниманието кон сликите во учебникот.Тие се специјално изработени за да помогнат да учениците ги кажуваат зборовите во песните и ритмичките песнички.Користење на слика во секоја фаза од активноста за полесно учениците да разберат и за да се добие контекст. Слушање на аудио снимка.(Текстот од снимката се наоѓа на стр. 119 од Прирачникот за наставникот.)<br>Учениците ги покажуваат предметите кога ќе ги слушнат.Наставникот ја пушта снимката повторно. · Учениците покажуваат и ги изговараат зборовите. · Учениците вежбаат да покажуваат и да ги изговараат зборовите во парови.<br>***Завршна активност***<br>Наставникот ги собира сликовните картички од предметите во училницата.· Учениците ги затвораат своите книги.Наставникот прави десет пара/групи. Покажува на еден предмет, на пр. подот, и кажува на една група да направи флеш(сликовна) картичка (со зборот) за него.· Повторување на истото и со другите девет групи, со останатите зборови. · Групите ги изработуваат своите картички и ги лепат на | • Учебник<br>• Наставнички прирачник<br>• Табла (обична или бела табла)<br>• Фломастери / креда<br>• Проектор / интерактивна табла<br>• Флеш-картички (flashcards) | -Дискусија (активно учество на час)<br><br>-изработка на картичка (картички со слика) |



resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | предметите.<br>***Рефлексија***<br>Наставникот дава кратки насоки како да се пополни листата за самооценување поврзана со активностите на дениот час.<br>**Вреднување на работата на учениците преку формативно следење**<br>**Техника на оценување:** самоевалуција<br>**Инструмент за самооценување:** чек листа<br>**Диференцирани активности:**<br>Доколку кај некои ученици се појави потешкотија во совладување на содржината (потешкотии во покажување и изговарање на зборовите), доволно е само да се илустрираат сликовните картички.<br>**Рефлексија**<br>Прашања од типот: Што правевме денес? Како се чувствувавте? Што научивте? Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот? | | - -чек листа |

Евидентен лист пополнет на крај на часот од учениците –Чек листа

| СКАЛА НА ПРОЦЕНКА | СКАЛА НА ПРОЦЕНКА |
|---|---|
| Моето учество во групата беше<br><br>GOOD OK BAD<br><br>Правилата за граматичката форма и новиот вокабулар ги научив<br>GOOD OK BAD<br>Каде треба да се подобрам | Моето учество во групата беше<br><br>GOOD OK BAD<br><br>Правилата за граматичката форма и новиот вокабулар ги научив<br>GOOD OK BAD<br>Каде треба да се подобрам |



resursi.literatura.mk

ДНЕВНИ СЦЕНАРИЈА ЗА НАСТАВНА ЦЕЛИНА 1 ПО УЧЕБНИК - SUPER MINDS за 5 одд (АНГЛИСКИ ЈАЗИК)

| Предмет: Англиски јазик | |
|---|---|
| Тема: Back to school and Unit 1 My day 12 часа | Време за реализација: септември 2025 |
| Изготвил/-а: | од ООУ |

| Содржина (и поими) | Стандарди за оценување | Часови и дата на реализација | Сценарио за часот | Средства | Следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| • безлични реченици во еднина и множина *(There is/There are);* | ● Поврзува одреден број колокации за изразување активности со даден илустративен приказ.<br>• Составува безлични реченици во еднина и множина за да ги наброи | **1 час**<br>**___.__.2025**<br>**Час број 2** | ***Воведна активност***<br>**Наставникот бара:**Учениците да ги именуваат четирите Супер Пријатели: **Misty, Thunder, Flash** и **Whisper**.Учениците да ги имитираат нивните супермоќи:**Misty** – исчезнува**Thunder** – крева тешки предмети **Flash** – трча многу брзо **Whisper** – зборува со животни<br>***Главни активности***<br>**Наставникот претставува сликовита приказна**. Ги претставува сликите од приказната за полесно разбирање на содржината.Ја предава новата зборувалка **burglar (крадец)**, покажувајќи на сликата каде се прикажани крадците. Пушта аудио-снимка. Учениците слушаат и читаат за да откријат **што земаат крадците од училиштето**. **Наставникот:**Го пушта целото видео со **Super Friends**.Повторно го пушта видеото и го паузира на одредени места за да провери разбирање.Поставува прашања за разбирање, на пр.:❖ *Кој е проблемот? Колкумина крадци има?*Објаснува нови зборови, како: *quick* (брз) *check out* (провери/разгледај)*drop* (испушти)<br>***Завршна активност***<br>**Наставникот организира вежбање на приказната:**<br>• Ги дели учениците во групи од **седум**.<br>• Секој ученик добива улога од приказната | • Учебник<br>• Наставнички прирачник<br>• Табла (обична или бела табла)<br>• Фломастери / креда<br>• Проектор / интерактивна табла<br>Флеш-картички (flashcards<br>**Аудио уред или звучник** – За пуштање снимки (приказни, дијалози, песни). | -Усни /писмени одговори (активно учество на час изработка на вежба) |



resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | *(полицајците и птицата може да ги игра ист ученик)*.<br>• Го пушта аудиото. Учениците повторуваат според нивната улога.<br>• Учениците ја вежбаат сценката во групи.<br>• Неколку групи доброволно ја изведуваат сценката пред целата класа. Оваа активност поттикнува соработка, развива говор и ја зајакнува самодовербата кај учениците.<br>• ***Рефлексија***<br>• Наставникот дава кратки насоки како да се пополни листата за самооценување поврзана со активностите на дениот час.<br><br>**Вреднување на работата на учениците преку формативно следење**<br>**Техника на оценување:** самоевалуција<br><br>**Инструмент за самооценување:** чек листа прилагодена од час број 1<br><br>**Диференцирани активности:**<br><br>**Диференцирана активност – "Пронајди и залепи" Преглед со поддршка:** Наставникот му го пушта на ученикот видеото, но со паузи, објаснува на едноставен јазик што се случува и покажува на сликите.<br><br>**Рефлексија**<br><br>Прашања од типот: Што правевме денес? Како се чувствувавте? Што научивте? Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот? (5 минути) | | Следењето на напредок вклучува проверка дали ученикот го разбира проблемот во приказната, препознава ликови и нови зборови (*burglar*, *drop*, *quick*), и успешно ги поврзува слики со зборови. Се следи и учеството во одговори на прашања и интересот при гледање и работа. |



resursi.literatura.mk

ДНЕВНИ СЦЕНАРИЈА ЗА НАСТАВНА ЦЕЛИНА 1 ПО УЧЕБНИК - SUPER MINDS за 5 одд (АНГЛИСКИ ЈАЗИК)

| Предмет: Англиски јазик | |
|---|---|
| Тема: Back to school and Unit 1 My day 12 часа | Време за реализација: септември 2025 |
| Изготвил/-а: | од ООУ |

| Содржина (и поими) | Стандарди за оценување | Часови и дата на реализација | Сценарио за часот | Средства | Следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| давање/барање на конкретна информација | Составува едноставни реченици во *Present Simple Tense* за да опише рутинска активност, училишна обврска или активност од личен интерес. | **1 час**<br><br>**___.__.2025**<br><br>**Час број 3** | ***Воведна активност*** Да се воведе поимот „рутини" и да се поттикнат учениците да зборуваат за своите дневни навики.Наставникот прашува: *„Кои рутини ги следите секој ден?"*Учениците зборуваат за своите утрински, пладневни и вечерни рутини.Се води разговор за тоа зошто е важно да се има рутина.<br>***Главни активности***<br>**Наставникот ги претставува дневните рутини**<br>· Наставникот користи флеш-картички и мимика за да ја претстави секоја дневна рутина.<br>· Го изговара изразот, а учениците го повторуваат и го покажуваат со мимика.<br>· Наставникот ја покажува секоја флеш-картичка, учениците ја имитираат и ја изговараат фразата заедно во хор.<br>· Наставникот ги лепи флеш-картичките на табла и ги поттикнува учениците да предложат можен редослед.<br>· Наставникот ги реди картичките според договорениот редослед.<br>**Наставникот им дава на учениците дополнително вежбање за изговарање на дневните рутини**<br>· Учениците гледаат во ритмичката песничка (chant).<br>· Наставникот однапред ги објаснува зборовите: *yawn* (зевам), *crunch* (крцка), *munch* (грицка) и *Hip, hip hooray!* (Ура, ура!). | • Учебник<br>• Наставнички прирачник<br>• Табла (обична или бела табла)<br>• Фломастери / креда<br>• Проектор / интерактивна табла<br><br>Флеш-картички (flashcards<br><br>**Аудио уред или звучник** – За пуштање снимки (приказни, дијалози, песни). | Се набљудува дали учениците препознаваат и опишуваат свои рутини и дали разбираат зошто тие се важни. |



resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | · Ги користи сликите од Активност 1 за да го поддржи значењето.<br>· Го пушта аудио-снимката. Учениците слушаат и ја следат песничката во нивните учебници.<br>***Завршна активност***<br>**Наставникот го повторува клучниот јазик од часот**<br>· Наставникот покажува некоја акција со мимика, а учениците погодуваат користејќи ја фразата: *„Is it (go to bed)?“* (*Дали е [легнување]?“*)<br>· Ученикот што ќе погоди точно, покажува следна акција со мимика.<br>**Техника на оценување:** самоевалуција<br><br>**Инструмент за самооценување:** чек листа<br>***Рефлексија***<br>**Диференцирана активност – Дневни рутини**<br><br>• **Послаби ученици:** Редат слики по редослед и ги именуваат со помош или повторување. Одговараат на прашања со избор.<br>• **Посилни ученици:** Мимираат и погодуваат рутини во парови, потоа пишуваат 3–4 реченици за својата рутина.<br><br>**Рефлексија**<br><br>Прашања од типот: Што правевме денес? Како се чувствувавте? Што научивте? Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот? (5 минути) | | Ги препознава и именува сликите со рутини<br>Ги реди активностите по логичен редослед<br>Учествува во мимика и погодување<br>Составува реченици за својата рутина |



resursi.literatura.mk

ДНЕВНИ СЦЕНАРИЈА ЗА НАСТАВНА ЦЕЛИНА 1 ПО УЧЕБНИК - SUPER MINDS за 5 одд (АНГЛИСКИ ЈАЗИК)

| Предмет: Англиски јазик | |
|---|---|
| Тема: Back to school and Unit 1 My day 12 часа | Време за реализација: септември 2025 |
| Изготвил/-а: | од ООУ |

| **Содржина (и поими)** | **Стандарди за оценување** | **Часови и дата на реализација** | **Сценарио за часот** | **Средства** | **Следење на напредокот** |
|---|---|---|---|---|---|
| фрази и искази поврзани со начини за искажување на час (време) и датум потврдни, одречни и прашални реченици | Разликува прашања за ден, датум и час и дава одговори користејќи соодветни лексички единици за денови од неделата, месеци, редни броеви и предлози за време | **1 час**<br><br>**___.__.2025**<br><br>**Час број 4** | ***Воведна активност***<br>Наставникот повикува еден ученик да каже колку е часот.<br>· Го прашува одделението дали знаат колку е часот во други земји.<br>· Објаснува дека Земјата се врти и дека сонцето осветлува само еден дел од Земјата во исто време.<br>***Главни активности***<br>**Начини за искажување на час (време) и датум**<br>**наставникот:**<br>· Црта аналоген часовник на табла кој покажува десет часот.<br>· Го поттикнува/ги учи учениците да кажат: „It's ten o'clock."<br>· Објаснува како функционира аналоген часовник. Ги прашува колку стрелки има и дали се со иста големина.<br>· Им кажува дека пократкатa стрелка ги покажува часовите, а подолгата минутите.<br>· Црта уште неколку часовници и вежба со учениците други цели часови.<br>· За дополнителна поддршка, црта часовници со само пократка стрелка за полесно препознавање на часовите.<br>***Завршна активност***<br>**наставникот:**<br>· Ги распределува учениците во различни парови од оние во активноста 3 во учебникот.<br>· Им дава упатство учениците да нацртаат четири часовници во нивните тетратки.<br>· Учениците ги пополнуваат часовниците додека си поставуваат прашања и си одговараат за времето на дневните рутини. | Табла и маркер/креда –<br><br>Флеш-картички<br><br>Учебник (SB – Student's Book)<br><br>Тетратки и пенкала/моливи<br><br>Реален или играчка часовник со подвижни стрелки | - Набљудување (Observation)<br><br>Проверка на тетратки<br><br>Усна проверка<br><br>Чек-листа со емоции |



resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | **Диференцирани активности:**<br><br>Добиваат поддршка со покажување во учебникот дневни рутини и часовници. Бојат часовници според зададено време. Работат со наставник или соученик-ментор.<br><br>**Инструмент за самооценување:** чек листа<br><br>***Рефлексија***<br><br>Прашања од типот: Што правевме денес? Како се чувствувавте? Што научивте? Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот? (5 минути) | | |

## Чек-листа за следење на напредок

Име и презиме: ______________________

| Цел | Добро | Делумно | Треба поддршка |
|---|---|---|---|
| Знае да чита аналоген часовник | | | |
| Правилно користи „It’s ___ o’clock“ | | | |
| Знае да постави прашање за дневна рутина | | | |
| Покажува разбирање при работа во пар | | | |



resursi.literatura.mk

ДНЕВНИ СЦЕНАРИЈА ЗА НАСТАВНА ЦЕЛИНА 1 ПО УЧЕБНИК - SUPER MINDS за 5 одд (АНГЛИСКИ ЈАЗИК)

| Предмет: Англиски јазик | |
|---|---|
| Тема: Back to school and Unit 1 My day 12 часа | Време за реализација: септември 2025 |
| Изготвил/-а: | од ООУ |

| Содржина (и поими) | Стандарди за оценување | Часови и дата на реализација | Сценарио за часот | Средства | Следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| фрази за искажување временски интервали: *in the morning; in the afternoon; in the evening, at night; at noon; a.m./p.m, on weekdays/at the weekend, on Mondays, in summer/winter*<br>• | Опишува секојдневни активности и дејства кои се случуваат во моментот на зборување користејќи новоусвоени описни придавки, изрази за време, месеци, датум и час. | **1 час**<br>**___.__.2025**<br>**Час број 5** | ***Воведна активност***<br>наставникот:<br>· Им дава време на учениците да ги разгледаат сликите во учебникот.стр 13<br>· Ја чита првата реченица со класот.<br>· Ја означува сликата на која Амелија станува (слика а) со број 1.<br>***Главни активности***<br>**Опишување секојдневни активности и дејства**<br>**наставникот:**<br>· Ја демонстрира активноста со еден или двајца ученици.<br>· Ги дели учениците во парови.<br>· Ги следи учениците додека се менуваат и зборуваат за тоа што прават трите деца.<br>· Дава поддршка по потреба.<br>· Побарува реченици од учениците како финална проверка, на пр. „Sue has dinner at seven o'clock."да им се овозможи на учениците вежба за пишување во сегашно просто време .<br>***Завршна активност***<br>**наставникот:**<br>· Ги запишува глаголите во едноставен инфинитив на табла (get, have, go, walk, play, watch).<br>· Со затворени книги, учениците се обидуваат да се присетат на третото лице еднина од секој глагол и како се пишува.<br><br>**Диференцирани активности:** *Послаби ученици:* пополнување | табла со маркер, тетратки на учениците, устен диктат или флеш-картички (по избор) | наставникот набљудува дали учениците правилно ги менуваат глаголите во трето лице еднина (додавање -s, -es или променета форма: has/goes)<br>– проверува точност во правописот при пишување<br>– слуша и коригира при изговор<br>– собира неколку реченици за на табла како |



resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | празни места со глаголи во 3. лице еднина.<br>*Средно ниво:* составуваат реченици со дадени глаголи.<br>*Напредни ученици:* пишуваат кус текст за рутина користејќи 5+ глаголи. **Инструмент за самооценување:** чек листа<br><br>***Рефлексија***<br><br>Прашања од типот: Што правевме денес? Како се чувствувавте? Што научивте? Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот? (5 минути) | | пример и за финална проверка |

## Чек-листа: Present Simple (3. лице еднина)

Име и презиме: ___________________________

| ✓ | ⍰ | ✗ | Критериум |
|---|---|---|---|
| | | | Ги препознава глаголите во инфинитив |
| | | | Ги менува глаголите во трето лице еднина |
| | | | Пишува точни реченици во Present Simple |
| | | | Користи правилна интерпункција и правопис |

✓ = целосно совладано = делумно ✗ = не е совладано



resursi.literatura.mk

ДНЕВНИ СЦЕНАРИЈА ЗА НАСТАВНА ЦЕЛИНА 1 ПО УЧЕБНИК - SUPER MINDS за 5 одд (АНГЛИСКИ ЈАЗИК)

| Предмет: Англиски јазик | |
|---|---|
| Тема: Back to school and Unit 1 My day 12 часа | Време за реализација: септември 2025 |
| Изготвил/-а: | од ООУ |

| Содржина (и поими) | Стандарди за оценување | Часови и дата на реализација | Сценарио за часот | Средства | Следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| учтиво искажување желба/барање<br><br>давање насоки за следење инструкции и упатства<br>да се протолкува подлабокото значење од приказна | Составува прашални реченици со модалниот глагол *CAN* за да побара дозвола. | **1 час**<br><br>**___.__.2025**<br><br>**Час број 6** | ***Воведна активност***<br>**Наставникот:**<br>· Ги поттикнува учениците со прашањето: *„Лош ден или добар ден?“*<br>· Имитира различни дејства (на пример, паѓање, добивање подарок) за да им помогне на учениците да ја поврзат фразата со ситуацијата.<br>· Ги охрабрува учениците да имитираат дејства по нивен избор, додека другите ученици проценуваат дали станува збор за *„добар“* или *„лош ден“*.<br>***Главни активности***<br>**Да се протолкува подлабокото значење од приказна**<br>**Наставникот:**<br>· Ја пушта снимката од приказната повторно и ги насочува учениците да ја следат во нивните учебници.<br>· Им дава упатства на учениците да ја завршат задачата самостојно во тетратките.<br>· Ги поттикнува да се здружат во парови за да ги проверат своите одговори.<br>· Води проверка со целиот клас, охрабрувајќи ги учениците да го користат јазикот од облачето со говор (пр. „Oh no!“, „Great!“).<br>***Завршна активност***<br>**Наставникот:**<br>· Ги организира учениците во мали групи и објаснува која е задачата.<br>· Помага при распределбата на улогите и следи како учениците | -<br><br> Аудио-снимка од приказната<br><br> Учебници на учениците | - Го следи разбирањето и вклученоста на учениците во активноста.<br><br>· Поттикнува самодоверба и ги охрабрува групите да настапат пред класот. |



resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | вежбаат.<br>· Дава насоки за изразување на емоции и интонација<br><br>**Техника на оценување:** самоевалуција<br><br>**Инструмент за самооценување:** чек листа<br><br>***Рефлексија***<br>Прашања од типот: Што правевме денес? Како се чувствувавте? Што научивте? Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот? (5 минути)<br><br>**Рубрика за оценување – Драматизација на приказна** | | |

## Рубрика за оценување – Драматизација на приказна

Име и презиме: ______________________ Датум: ___________

| Критериум | ✓ = целосно совладано | = делумно | ✗ = не е совладано |
|---|---|---|---|
| Разбира текст и реплики | | | |
| Јасно зборува | | | |
| Користи емоции и интонација | | | |
| Соработува во група | | | |
| Го разбира значењето на приказната | | | |



resursi.literatura.mk

ДНЕВНИ СЦЕНАРИЈА ЗА НАСТАВНА ЦЕЛИНА 1 ПО УЧЕБНИК - SUPER MINDS за 5 одд (АНГЛИСКИ ЈАЗИК)

| Предмет: Англиски јазик | |
|---|---|
| Тема: Back to school and Unit 1 My day 12 часа | Време за реализација: септември 2025 |
| Изготвил/-а: | од ООУ |

| Содржина (и поими) | Стандарди за оценување | Часови и дата на реализација | Сценарио за часот | Средства | Следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| давање/барање на конкретна информација | Составува едноставни реченици во *Present Simple Tense* за да опише рутинска активност, училишна обврска или активност од личен интерес | **1 час**<br><br>**___.__.2025**<br><br>**Час број 7** | ***Воведна активност***<br>Наставникот ги прикажува сликовните картички (flashcards) низ училницата,покажува на секоја поединечно и ги поттикнува учениците да го кажат глаголот/фразата. Ги поттикнува во случаен редослед, а не логичен.<br>· Наставникот ги претставува новите зборови: **work (работи), leave (заминува), arrive (пристигнува), get home (стигнува дома)** и ги запишува на таблата во прост инфинитив.<br>***Главни активности* - опишување рутинска активност, училишна обврска или активност од личен интерес**<br>вежбање читање за одредени информации (скенирање)<br>· Наставникот им кажува на учениците дека текстот е за пожарникар по име Сем.<br>· Им кажува најпрво да ги прочитаат шесте тврдења под текстот и да погодуваат кои времиња се точни.<br>· Учениците го читаат текстот тивко со цел да ги најдат точните одговори.<br>да се овозможи на учениците вежбање пишување по модел<br>· Наставникот им кажува на учениците најпрво да напишат белешки за нивниот ден – кој ден е, кои активности ги прават и во кое време.<br>· Потоа, со помош на пишаниот модел од Активност 2 и нивните белешки, учениците составуваат текст.<br><br>***Завршна активност*- изведување заклучок** | Табла и маркер/креда –<br><br>Флеш-картички<br><br>Учебник (SB – Student's Book)<br><br>Тетратки и пенкала/моливи | Усно проверување на познавањето на глаголите при покажување картички<br><br>Набљудување додека учениците читаат и наоѓаат специфични информации (скенирање)<br><br>Преглед на белешките за дневната рутина<br><br>Проверка на напишаниот текст според |



resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Учениците ги проверуваат одговорите во консултација во парови<br>Наставникот дава кратки насоки како да се пополни листата за самооценување поврзана со активностите на денешниот час.<br><br>**Вреднување на работата на учениците преку формативно следење**<br><br>**Техника на оценување:** самоевалуција<br><br>**Инструмент за самооценување:** чек листа (семафор)<br><br>**Диференцирани активности:**<br><br>Доколку кај некои ученици ќе се појави потешкотија во совладување на содржината (потешкотии во пишување на пораката), доволно е само да се илустрира.<br><br>**Рефлексија**<br>Прашања од типот: Што правевме денес? Како се чувствувавте? Што научивте? Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот? | | моделот (точност на временски изрази, редослед на активности, граматика)<br><br>Формативно следење со кратка самоевалуација |



resursi.literatura.mk

ДНЕВНИ СЦЕНАРИЈА ЗА НАСТАВНА ЦЕЛИНА 1 ПО УЧЕБНИК - SUPER MINDS за 5 одд (АНГЛИСКИ ЈАЗИК)

| Предмет: Англиски јазик | |
|---|---|
| Тема: Back to school and Unit 1 My day 12 часа | Време за реализација: септември 2025 |
| Изготвил/-а: | од ООУ |

| **Содржина (и поими)** | **Стандарди за оценување** | **Часови и дата на реализација** | **Сценарио за часот** | **Средства** | **Следење на напредокот** |
|---|---|---|---|---|---|
| фрази и искази поврзани со начини за искажување на час (време) и датум<br>• | Разликува прашања за ден, датум и час и дава одговори користејќи соодветни лексички единици за денови од неделата, месеци, редни броеви и предлози за време. | **1 час**<br><br>**____.___.2025**<br><br>**Час број 8** | ***Воведна активност*** да се повтори дневната рутина<br>· Со затворени учебници, наставникот поттикнува учениците да се присетат што паметат за денот на Сем (учебник, стр. 16).<br>· Доколку учениците ја имаат работено дополнителната активност од претходниот час, може да погледнат во временската линија (timeline) за полесно да се потсетат.<br>***Главни активности* – Разликува прашања за ден, датум и час и дава одговори користејќи соодветни лексички единици**<br>да се овозможи говорна вежба на учениците<br>· Наставникот ги поттикнува учениците да ги набројат сите глаголи што ги знаат за опишување на нивната дневна рутина.<br>· Учениците поединечно прават белешки за тоа што прават во текот на денот. Наставникот ги охрабрува да ја користат фантазијата (не мора да биде вистинито).<br>· Во парови, учениците вежбаат да зборуваат за нивниот ден со својот партнер.<br>· Доброволци раскажуваат за нивниот ден пред цел клас, користејќи ги своите белешки.<br>**За понапредни ученици:** Тие слушаат што кажуваат партнерите за нивната рутина, а потоа го пренесуваат тоа на класот користејќи трето лице, на пример: *Jane gets up at seven o'clock.*<br><br>***Завршна активност-***<br><br>**Вреднување на ученичката работа преку формативно следење** | ⍰ Табла и маркер/креда **–**<br><br>Флеш-картички<br><br>Учебник (SB – Student's Book)<br><br>Тетратки и пенкала/моливи | **Набљудување:** при читање, пишување и говорни вежби.<br><br>**Прашања:** за проверка на разбирање (на пр. „Кога станува Сем?").<br><br>**Усни излагања:** со повратна информација.<br><br>**Писмена проверка:** на белешки и текстови.<br><br>**Самоевалуација:** со кратка чек листа или 2–3 рефлексивни |



resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | **Техника на оценување:** самоевалуација<br>**Инструмент:** чек-листа со визуелен приказ (семафор)<br><br>**Рефлексија (5 минути):**<br>Поттикнувачки прашања за размислување:<br>• Што работевме денес?<br>• Како се чувствував за време на активностите?<br>• Што ново научив?<br>• Каде и како можам да го применам наученото во секојдневниот живот?<br><br>**Диференцирани активности:**<br>За ученици кои имаат потреба од дополнителна поддршка:<br>Се користат прилагодени наставни средства (визуелни, тактилни, картички, предмети за манипулација) за олеснување на разбирањето и практикување на содржината.<br><br>За ученици кои покажуваат повисоко ниво на разбирање:<br>Добиваат задача за самостојна и креативна примена на знаењето преку составување текст, решавање проблем, истражување или презентација. | | прашања. |



resursi.literatura.mk

ДНЕВНИ СЦЕНАРИЈА ЗА НАСТАВНА ЦЕЛИНА 1 ПО УЧЕБНИК - SUPER MINDS за 5 одд (АНГЛИСКИ ЈАЗИК)

| Предмет: Англиски јазик | |
|---|---|
| Тема: Back to school and Unit 1 My day 12 часа | Време за реализација: септември 2025 |
| Изготвил/-а: | од ООУ |

| **Содржина (и поими)** | **Стандарди за оценување** | **Часови и дата на реализација** | **Сценарио за часот** | **Средства** | **Следење на напредокот** |
|---|---|---|---|---|---|
| предлози за време *(in, on ,at)* и за предмет во реченица *(about)* | Применува соодветен предлог за време кога изразува ден, датум и час. | **1 час**<br><br>**___.__.2025**<br><br>**Час број 9** | ***Воведна активност***<br>Наставникот ги потсетува учениците на разговорот што го воделе за различните начини на кажување време, на пример: sидовни часовници, рачни часовници, мобилни телефони, песочни часовници.<br>· Потоа, наставникот ги потсетува на дискусијата за временските разлики во различни делови од светот.<br>***Главни активности***<br>**препознавање на вокабулар од видеото**<br>**· Наставникот ги поттикнува учениците да ги погледнат сликите и да препознаат кои од нив ги виделе во видеото**.<br><br>· Наставникот пушта видео со затворени ученички книги.<br>(Текстот од видеото се наоѓа во наставничката книга на стр. 120.)<br>· Наставникот прашува што паметат учениците од видеото.<br>· Потоа ги поттикнува да го гледаат повторно и да одговорат: *Какви видови часовници постојат?*<br><br>Наставникот повикува еден ученик доброволно да го прочита текстот.<br>· Потоа им дава време на учениците визуелно да се запознаат со римските броеви. | Табла и маркер/креда **–**<br><br>Флеш-картички<br><br>Учебник (SB – Student's Book)<br><br>Тетратки и пенкала/моливи | **Набљудување:** додека ученик чита и останатите следат визуелно.<br><br>**Прашања:** за разбирање на текстот и препознавање на римските броеви.<br><br>**Усна проверка:** ученици именуваат римски броеви што ги препознале.<br><br>**Кратка проверка:** ученик |



resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | ***Завршна активност-* изведување заклучок**<br><br>Учениците ги проверуваат одговорите во консултација во парови<br>Наставникот дава кратки насоки како да се пополни листата за самооценување поврзана со активностите на денешниот час.<br><br>**Вреднување на работата на учениците преку формативно следење**<br><br>**Техника на оценување:** самоевалуција<br><br>**Инструмент за самооценување:** чек листа (семафор)<br><br>**Диференцирани активности:**<br><br>Доколку кај некои ученици ќе се појави потешкотија во совладување на содржината (потешкотии во пишување на пораката), доволно е само да се илустрира.<br><br>**Рефлексија**<br>Прашања од типот: Што правевме денес? Како се чувствувавте? Што научивте? Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот? | | покажува број, останатите го именуваат. |



resursi.literatura.mk

ДНЕВНИ СЦЕНАРИЈА ЗА НАСТАВНА ЦЕЛИНА 1 ПО УЧЕБНИК - SUPER MINDS за 5 одд (АНГЛИСКИ ЈАЗИК)

| Предмет: Англиски јазик | |
|---|---|
| Тема: Back to school and Unit 1 My day 12 часа | Време за реализација: септември 2025 |
| Изготвил/-а: | од ООУ |

| **Содржина (и поими)** | **Стандарди за оценување** | **Часови и дата на реализација** | **Сценарио за часот** | **Средства** | **Следење на напредокот** |
|---|---|---|---|---|---|
| описен приказ на интереси поврзани со училиште, слободни активности, хоби | Разликува прашања за ден, датум и час и дава одговори користејќи соодветни лексички единици за денови од неделата, месеци, редни броеви и предлози за време. | **1 час**<br><br>**___.__.2025**<br><br>**Час број 10** | ***Воведна активност*** да се зацврсти поимот како функционира сончев часовник<br>· Наставникот разговара со учениците за положбата на сонцето на небото во текот на денот.<br>***Главни активности* да се овозможи на учениците да применат што научиле за сончевите часовници и римските броеви**<br>*Забелешка: Учениците може да цртаат сончев часовник како во примерот од учебникот или да користат хартиени чинии за изработка.*<br><br>· Наставникот дели хартиени чинии и објаснува дека учениците ќе изработуваат сончеви часовници.<br>· Учениците ги разгледуваат сликите од сончеви часовници и одлучуваат како ќе изгледа нивниот.<br>· Наставникот демонстрира со една чинија: со линијар ги обележува главните линии на часовите со точки (XII, III, VI, IX).<br>· Потоа се додаваат и останатите осум броеви.<br>· Се обележува центарот каде ќе се постави стапчето (сенката).<br>· Учениците ги запишуваат римските броеви на обележаните линии.<br>· Наставникот кажува кое му е омилено време и црта сенка на својата чинија.<br>· Учениците размислуваат за време од денот кое им е омилено (на пр. време за вечера, за спиење, за гледање ТВ) и го прикажуваат со сенка на својот часовник.<br><br>***Завршна активност*Вреднување на ученичката работа преку** | □ Табла и маркер/креда **–**<br><br>Флеш-картички<br><br>Учебник (SB – Student's Book)<br><br>Тетратки и пенкала/моливи | **Набљудување:** додека ученик чита и останатите следат визуелно.<br><br>**Прашања:** за разбирање на текстот и препознавање на римските броеви.<br><br>**Усна проверка:** ученици именуваат римски броеви што ги препознале.<br><br>**Кратка проверка:** ученик покажува број, |



resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | **формативно следење**<br>**Техника на оценување:** самоевалуација<br>**Инструмент:** чек-листа со визуелен приказ (семафор)<br><br>**Рефлексија (5 минути):**<br>Поттикнувачки прашања за размислување:<br><br>• Што работевме денес?<br>• Како се чувствував за време на активностите?<br>• Што ново научив?<br>• Каде и како можам да го применам наученото во секојдневниот живот?<br><br>**Диференцирани активности:**<br>За ученици кои имаат потреба од дополнителна поддршка:<br>Се користат прилагодени наставни средства (визуелни, тактилни, картички, предмети за манипулација) за олеснување на разбирањето и практикување на содржината.<br><br>За ученици кои покажуваат повисоко ниво на разбирање:<br>Добиваат задача за самостојна и креативна примена на знаењето преку составување текст, решавање проблем, истражување или презентација. | | останатите го именуваат.<br><br>- |



resursi.literatura.mk

ДНЕВНИ СЦЕНАРИЈА ЗА НАСТАВНА ЦЕЛИНА 1 ПО УЧЕБНИК - SUPER MINDS за 5 одд (АНГЛИСКИ ЈАЗИК)

| Предмет: Англиски јазик | |
|---|---|
| Тема: Back to school and Unit 1 My day 12 часа | Време за реализација: септември 2025 |
| Изготвил/-а: | од ООУ |

| Содржина (и поими) | Стандарди за оценување | Часови и дата на реализација | Сценарио за часот | Средства | Следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| неформален секојдневен разговор, отпоздравување и иницирање дијалог | Употребува формални и неформални поздрави и едноставни прашања за отпочнување секојдневен дијалог/разговор | **1 час**<br><br>**___.__.2025**<br><br>**Час број 11** | ***Воведна активност***<br>**да се повтори разбирањето на упатства**<br>· Наставникот дава неколку едноставни упатства на почетокот на часот, на пример:<br>– *Извадете ја книгата по англиски.*<br>– *Ставете ја на клупата.*<br>– *Извадете го несесерот од ранецот.*<br>***Главни активности***<br>**работа со пријател – вежбање говор**<br>да се овозможи на учениците да вежбаат зборување· Наставникот повикува еден ученик доброволно да ја покаже својата слика пред класот. Го насочува ученикот да ја опише сликата, поставувајќи прашања како: *Каде си? Колку е часот?* и *Што е ова на сликата?*<br>· Потоа учениците работат во парови – си ги покажуваат сликите и ги опишуваат едни на други.**Изработка на дневник**<br>да се овозможи на учениците да следат визуелни и пишани упатства за да направат дневник.· Наставникот покажува примери или слики од едноставен дневник.<br>· Учениците добиваат упатства чекор по чекор (на пример: превиткај лист, напиши денови, нацртај часовник, додади активности).<br>· Наставникот ги чита упатствата наглас додека учениците следат и изработуваат свој дневник.<br>· Учениците ги запишуваат нивните дневни активности во дневникот користејќи слики и зборови. | ▯ Табла и маркер/креда **–**<br><br>Флеш-картички<br><br>Учебник (SB – Student’s Book)<br><br>Тетратки и пенкала/моливи | **Набљудување:** додека учениците го решаваат квизот самостојно.<br><br>**Проверка на одговори:** заедничко или индивидуално, со објаснување на точните решенија.<br><br>**Белешки на наставникот:** за тоа кои ученици покажуваат сигурност и кои имаат потешкотии.<br><br>**Повратна** |



resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | ***Завршна активност*- изведување заклучок**<br><br>Учениците ги проверуваат одговорите во консултација во парови<br>Наставникот дава кратки насоки како да се пополни листата за самооценување поврзана со активностите на денешниот час.<br><br>**Вреднување на работата на учениците преку формативно следење**<br><br>**Техника на оценување:** самоевалуција<br><br>**Инструмент за самооценување:** чек листа (семафор)<br><br>**Диференцирани активности:**<br><br>Доколку кај некои ученици ќе се појави потешкотија во совладување на содржината (потешкотии во пишување на пораката), доволно е само да се илустрира.<br><br>**Рефлексија**<br>Прашања од типот: Што правевме денес? Како се чувствувавте? Што научивте? Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот? | | **активност:** кратка дискусија – *Кое прашање ви беше најлесно? А најтешко?*<br><br>**Формативна оценка:** преку квизот како алатка за проценка на усвоеност на содржината од единицата. |



resursi.literatura.mk

| Предмет: Англиски јазик | |
|---|---|
| Тема: Back to school and Unit 1 My day 12 часа | Време за реализација: септември 2025 |
| Изготвил/-а: | од ООУ |

| **Содржина (и поими)** | **Стандарди за оценување** | **Часови и дата на реализација** | **Сценарио за часот** | **Средства** | **Следење на напредокот** |
|---|---|---|---|---|---|
| описен приказ на интереси поврзани со училиште, слободни активности, хоби | Одговара на едноставни секојдневни прашања во *Present Simple* | **1 час**<br><br>**___.__.2025**<br><br>**Час број 12** | ***Воведна активност***<br>**да се повтори дневната рутина**<br>· Наставникот вели: *I have breakfast at ...* и покажува време на часовник. Учениците ја довршуваат реченицата со точниот час.<br>· Наставникот поставува прашања како: *When do you ...?* и прави мимика (на пр. за спиење).<br>· Продолжува со повторување на содржините што учениците ги имаат научено во единицата.<br>***Главни активности***<br>**да се овозможи на учениците да го повторат јазикот од единицата преку квиз**<br>· Наставникот се осигурува дека учениците знаат како да одговараат – заокружуваат една опција за секоја реченица, користејќи ги сликичките како помош.<br>· Учениците го решаваат квизот самостојно. Првиот пат, тоа го прават без да се навраќаат назад низ учебникот.<br><br>***Завршна активност***<br>**да се овозможи на учениците да ги изразат своите преференции**<br>· Наставникот ги прашува учениците која им е омилена активност од единицата (на пр. песната, ритмичката песничка или некоја игра).<br>· Се организира гласање во класот.<br>· Наставникот ја повторува најпопуларната активност со | Табла и маркер/креда –<br><br>Флеш-картички<br><br>Учебник (SB – Student's Book)<br><br>Тетратки и пенкала/моливи | **Набљудување:** додека учениците го решаваат квизот самостојно.<br><br>**Проверка на одговори:** заедничко или индивидуално, со објаснување на точните решенија.<br><br>**Белешки на наставникот:** за тоа кои ученици покажуваат сигурност и кои имаат потешкотии.<br><br>**Повратна** |



resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Интеркултурни содржини:**<br>● интеркултуролошка поврзаност, како и поврзување на различни народи преку систем на комуникации, сообраќај, трговија, култура и глобализација | | | учениците.<br><br>***Рефлексија*- изведување заклучок**<br><br>Учениците ги проверуваат одговорите во консултација во парови<br>Наставникот дава кратки насоки како да се пополни листата за самооценување поврзана со активностите на денешниот час.<br><br>**Вреднување на работата на учениците преку формативно следење**<br><br>**Техника на оценување:** самоевалуција<br><br>**Инструмент за самооценување:** чек листа (семафор)<br><br>**Диференцирани активности:**<br><br>Доколку кај некои ученици ќе се појави потешкотија во совладување на содржината (потешкотии во пишување на пораката), доволно е само да се илустрира.<br><br>**Рефлексија**<br>Прашања од типот: Што правевме денес? Како се чувствувавте? Што научивте? Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот? | | **активност:** кратка дискусија – *Кое прашање ви беше најлесно? А најтешко?*<br><br>**Формативна оценка:** преку квизот како алатка за проценка на усвоеност на содржината од единицата.<br><br>- |



resursi.literatura.mk